**ЗАПИСНИК**
**од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 23.11.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Тошо Маркоски, управител на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово.

Г-дин Петрушевски ја отвори 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:50 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски предложи Точките 2, 3, 4, 5 и 6 да се образложат во заеднички вовед и дискусија, гласањето да биде поединечно за секоја од нив, затоа што се однесуваат за еден медиум кој прекршил повеќе членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.11.2023 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 98 став 1 од ЗААВМУ.

6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
7. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на РТД АРАЧИНА од с. Арачиново.
8. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ВИСТЕЛ од Скопје.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ од Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА од Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
11. Предлог – решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово.
12. Предлог – решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес.
13. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми НАВС.
14. Предлог за давање одобрување за донесување Решение за трансформација на работен однос на 1 (еден) вработен во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
15. Предлог – одлука за исплата на надоместок за смрт на член на семејство.
16. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.11.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3, 4, 5 и 6**

Советот на Агенцијата немаше против предлогот на Г-дин Петрушевски, точките 2, 3, 4, 5 и 6 да се образложат со еден вовед и дискусија, а гласањето да биде поединечно за секоја од нив.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево за прекршување на член 50 став 3, член 51 став 1, член 92 ставови 1 и 3, член 98 став 1 сите од ЗААВМУ и прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Обкасни дека прекршувањата се произлезени од програмскиот и административниот надзор. При програмскиот надзор е констатирано дека има

прекршок на член 50 став 3 и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, бидејќи три емисии се емитувани без да бидат означени со предупредувачка сигнализација. Во врска со прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ објасни дека радиодифузерот не ја исполнил обврската да емитува најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот. За прекршување на член 98 став 1 од ЗААВМУ објасни дека со надзорот е регистрирано емитување на рекламирање што не е јасно одвоено од другите делови од програмата, односно се емитува без да се означи со оптички и/или звучни средства, на почетокот и на крајот, вкупно 9 пати во текот на анализираниот ден. Со административниот надзор е констатирано дека има прекршување на член 14 од Законот за медиуми каде што две емисии се објавени без импресум и на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. За сите пет прекршувања се предлага да се изрече мерка јавна опомена. Во 4 случаи контролниот надзор треба да се реализира по 20 дена, освен во случајот на не одвоеното рекламирање кога е 10 дена.

*<u>Гласање по Точка 2</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3349/1 од 01.09.2023 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 9 август 2023 година, се емитувани повеќе играни програми без да бидат означени со сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нивното емитување.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 3</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-3353/1 од 01.09.2023 година и едногласно заклучи на

ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 9 август 2023 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 4</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3333/1 од 01.09.2023 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, затоа што на 9 август 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 5</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3348/1 од 01.09.2023 година и едногласно заклучи на

ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 98 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 9 август 2023 година, е регистрирано емитување на рекламирање што не е јасно одвоено од другите делови од програмата, односно се емитува без да се означи со оптички и/или звучни средства, на почетокот и на крајот.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 6</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-3352/1 од 01.09.2023 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа што на 9 август 2023 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресум што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на РТД АРАЧИНА од с. Арачиново. Објасни дека ова радио

достави Известување дека планираат да направат промена на сопственичката структура односно да истапи постојниот сопственик кој што е физичко лице и да пристапи правно лице. Доставеното Известување не беше комплетно и уредно по што се побара од нив да го комплетираат. Во предвидениот рок беа повторно доставени документите, овој пат комплетни и уредни. Се направи проверка во Централен регистар на РСМ од кој што се добиени податоци дека не постојат законски пречки да се одобри планираната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Радиодифузното трговско друштво (РТД) АРАЧИНА ДООЕЛ с. Арачиново, Арачиново, со текст како што беше предложена Одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Радиодифузното трговско друштво (РТД) АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД ВИСТЕЛ од Скопје. Објасни дека оваа телевизија е основана од правно лице и промената што планираат да ја направат се однесува да истапи правното лице а да пристапи физичко лице кој што и досега беше единствен основач на правното лице. Тоа значи дека физичкото лице кое и досега беше вистински сопственик на телевизијата сега директно влегува како основач на телевизијата. По проверката од страна на секторот констатирано е дека нема законски пречки да се спроведе планираната промена.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложена Одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на ТРД ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката Давидовска Довлева го образложи Предлог за изрекување мерка јавна опомена на НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ од Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека со редовниот административен надзор констатирано е дека во импресумот спротивно на членот 14 од ЗМ не е објавен точниот датум на печатење на овој број. Бројот е од 11 октомври 2023-та година а наведено е дека е печатен на 8 јануари 2023-та година. Со допис е побарано да се изјаснат, во

меѓувреме и телефонски беа контактирани но не се изјаснија. Оттука се предлага изрекување јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-3866/1 од 26.10.2023 година и едногласно заклучи на Друштвото за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје, издавач на „Народен лекар“, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа што во изданието бр.591 на „Народен лекар“ од 11.10.2023 година не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите со член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководителката Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА од Скопје, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека во изданието на печатениот медиум „Слово“ недостасуваат повеќе податоци во импресумот. Во таа насока од страна на Секторот беа контактирани, остварен е состанок со нив и се очекува во иднина да не се повторат вакви прекршувања.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-3864/1 од 26.10.2023 година и едногласно заклучи на Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач на „Слово“, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа што во изданието бр.58 за септември-октомври 2023 година не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите со член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се

утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 11**

Г-дин Петрушевски во однос на Предлог – решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, објасни дека на 8-та Јавна седница беше повикан претставник на медиумот за да даде образложение во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери, но бидејќи седницата започна порано претставникот пристигна сега, со што доби можност да се изјасни.

Г-дин Маркоски, управителот на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово се заблагодари за можноста да го искаже своето образложение. Објасни дека ја вратиле дозволата бидејќи некако тоа било природен тек на настаните. После долги размислувања и анализи заклучиле дека пазарот и општата состојба во државата не дозволуваат да продолжат со работа поради тоа што телевизијата е скап бизнис, потоа новите услови за работа предвидени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување каде се вели дека мора да има 6 вработени со полно работно време и секако останатите давачки кои не дале можност за развој на овој бизнис, барем во нивниот случај. Се надева дека состојбата со другите медиуми во државата не е таква, но од контактите што ги остварил сите велат дека тешко се снаоѓаат со финансиите. Напомена дека оваа година не успеале да обезбедат некој странски проект за разлика од претходните години, така што и ова било причина повеќе за да се определат на ваков чекор. Најави дека можеби во иднина ќе направат одредени напори за повторно да се вклучат во овој бизнис, се разбира доколку се изнајдат финансиски средства кои во моментов ги немаат. Наведе дека тоа беше основната причина за враќање на дозволата.

Г-дин Фиданоски рече дека со внимание го ислушал претставникот од ТВ К&М. Изрази жалење што дошле до ваква ситуација бидејќи оваа телевизија долги години опстојува во медиумскиот простор. Наведе дека со нивната одлука, со гаснењето на овој медиум, тетовскиот и полошкиот регион ќе бидат посиромашни, но искрено верува дека што поскоро, дали во форма повторно како телевизија или во некаква друга форма медиумски повторно ќе бидат присутни. Објасни дека новиот Правилник беше нешто што Советот мораше да го направи и при тоа воделе максимално сметка да се приближат до можностите на сите медиуми, при тоа почитувајќи ја одлуката на Уставен суд што мораше Советот да ја спроведе.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 12**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог – решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, објасни дека ова е последната телевизија од Велес. Беа две телевизии од кои едната претходно се откажа, сега и оваа, така што сега во Велес ќе нема локална телевизија, ќе има регионална од Кавадарци, но локална ќе нема.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 13**

Г-дин Трајчевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми НАВС, објасни дека станува збор за одржување на веќе постојниот систем на Агенцијата. И претходно договорот беше на две години во висина од 800 илјади денари, но за тие две години се потрошија само 44 илјади денари. Од таа причина сега е за четири пати намалена во однос на тоа што беше претходно и ако се одвива следните две години со ваква динамика можеби и овие планирани средства ќе бидат многу. Но заради сигурност се предлага да се распише јавна набавка со средства во висина од 200 илјади денари.

Г-дин Петрушевски рече дека овој пример е доказ дека и старите софтвери знаат добро да работат и да се одржуваат за евтини пари. Во однос на набавката рече дека Агенцијата нема потреба сите средства да ги истроши туку доколку има потреба и настане дефект.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми НАВС.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми НАВС, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, односно ќе бидат обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024-та година и 2025-та година.

**Точка 14**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување Решение за трансформација на работен однос на 1 (еден) вработен во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека оваа работничка повеќе од 5 години работи во Агенцијата или преку Агенција за времени

вработувања или директно во Агенцијата на определено време од две години. Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки се изјаснила дека ги извршува работните задачи стручно и квалитетно и затоа се предлага да се трансформира работниот однос на работникот од договор за вработување на определено време во работен однос на неопределено време.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Решение со кое се трансформира работниот однос на работникот м-р Сања Филиповска, Соработник за регулатива и аналитичко – правни работи во Одделението за нормативно – правни работи при Секторот за правни работи и јавни набавки, заснован со договор за вработување на определено време во работен однос на неопределено време, бидејќи работникот повеќе од две години работи на работно место кое е слободно, за работното место се обезбедени финансиски средства, и се утврди дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има трајна потреба од работникот.

Сите права, обврски и одговорности кои произлегуваат од трансформацијата на работниот однос, ќе се уредат со Договор за вработување кој ќе се склучи на неопределено време со наведениот работник.

**Точка 15**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за исплата на парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство – родител (татко), на работникот во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), во висина од 15.000,00 (петнаесет илјади) денари.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година.

**Точка 16**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-4325/16

12.12 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**